**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**Komisioni Rregullator për Banim**

**До:** “УЛИЦА МОЕТО МААЛО” ДООЕЛ Скопје
Ул.”Никола Вапцаров” бр.2-4
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-03
**Дата:** 18.03.2025 г

**Предмет:** Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013 бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/2022 и бр.224/2024), и врз основа на член 3 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на “УЛИЦА МОЕТО МААЛО” ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 18-03-2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На “УЛИЦА МОЕТО МААЛО” ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата “УЛИЦА МОЕТО МААЛО” ДООЕЛ Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022 и бр.224/2024)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

“УЛИЦА МОЕТО МААЛО” ДООЕЛ Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација  во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Тековна состојба на вистински сопственици од ЦР на РСМ
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран правник и две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “УЛИЦА МОЕТО МААЛО” ДООЕЛ Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020, бр.150/2022 и бр.224/2024).

На ден 18.03.2025г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “УЛИЦА МОЕТО МААЛО” ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска